Совет на Општина Делчево
Број 09-2454/2
26.12.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 33.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 26.12.2019 година (четврток), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:30 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Вице Стоиловски
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 33.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записникот од 32.седница

1. Буџет на Општина Делчево за 2020 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;
3. Буџетски календар за 2020 година;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година;

**Образлагач:** По точките 1,2,3 и 4, Анка Христова-раководител на Одделението за финансиски прашања.

5. Предлог-Одлука за продолжување со работа на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец;

**Образлагач:**Ванчо Новоселски-Советник за образование.

6. Измени на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Џулиета Мемедова-Референт за односи со малцински заедници.

7. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

Образлагач: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

8. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 33.седница на Советот.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 32.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот од 32.седница на Советот на Општина Делчево беше ставен на гласање.

Со 15 гласови „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 32.седница.

Прва точка-Буџет на Општина Делчево за 2020 година;

Образложение по оваа точка поднесе Анка Христова која рече дека согласно член 2 точка 8 од Законот за буџети, буџетот на општината претставува годишен план на вкупните приходи и други приливи и одобрени средства и се состои од основен буџет, буџет на дотации, буџет на донации, буџет на самофинансирачки активности и буџет на заеми и кредити.
Буџетот на Општина Делчево се состои од општ, посебен и развоен дел.Општиот дел, содржи биланс на приходи и расходи, функционална класификација на расходи, биланс на тековно оперативни приходи и расходи и биланс на капитални приходи и расходи. Согласно дополнувањето на Законот за финансирање на ЕЛС Сл.весник 209 од 15.11.2018 година, има ограничување во однос на планирањето на приходите за наредната година, кои се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи од претходните три години, според податоците од трезорската евиденција. Оваа година има повторно измена на Законот за финансирање на ЕЛС Сл.весник 244/19, каде се овозможува планирање на приходите со пораст од најмногу 30% од остварените приходи од последните три години.Просечно остварените приходи се пресметуваат од сопствените приходи, односно од сл.видови на приходи:,даночни, неданочни, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот на доданеа вредност. Овој износ може да се зголемува кога општината има документ односно Договор, со кој се утврдува трансфер на средства од државната институција.Рамката за планирање на буџетот е 87.005.522 денари. Овој износ е зголемен со договори од АФПЗРР во износ од 23.876.115 ден. (17.688.889ден. и 6.187.226 ден.)

Планирани извори на приходи во буџетот за 2020година и приливи од кои ќе се финансираат расходите и одливите на Буџетот на општина Делчево се:

1.Даночни приходи
2.Неданочни приходи
3.Капитални приходи
4.Трансфери и донации и
5.Кредити и заеми

Даночните приходи се планирани во износ 35.903.00 или 11%,Неданочни приходи 16.702.000 или 5%, Капиталните приходи 4.355.000 или 1%, приходите од дотации 159.346.000 или 47%, приходи од

трансфери 70.288.00 или 21%, Приходи од донации 18.148.000 или 5% и приходи од кредити 32.253.00 или 10%, се вкупно 336.995.00 денари.

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество имаат приходите остварени од даноците од специфични услуги ( во нив влегуваат комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, надомест за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување и др.), додека данокот на имот во вкупните даночни приходи учествува со 36%.

Неданочните приходи се планирани во вкупен износ од 16.702.000 и тоа:од административни такси и надоместоци 600.000, други владини услуги 35.000 и други неданочни приходи 4.550.000

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите во вкупниот буџет на Општината за 2020 година се застапени со износ од 247.782.000 денари или 73,5%.

Капиталните приходи се планирани во износ од 4.355.000денари и тоа: од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на државата во износ од 500.000 денари, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 1.500.000 ден. надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 350.000 денари, надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 2.000.000 денари.

Вкупните расходи на буџетот на Општината за 2020 година изнесуваат 336.995.000 денари.Буџетскиот дефицит е планиран на -36.236.000 денари. Повисоките расходи се финансирани од други приливи, односно од пренесеното салдо од минати години и од домашно задолжување.Структурата на расходите во буџетот на општината се состои одтековно оперативни и капитални расходи.

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно оперативните и капиталните расходи.Платите се неопходни за функционирање на општината и се планира да опфатат околу 48% од вкупно планираните расходи во вкупниот буџет, а заедно со надоместоците во кој износ се планирани и надоместоците за седниците на Советот на општината изнесуваат 49%. Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или буџетските корисници, не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Расходите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација на расходи.

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 164.757.000 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 80.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 51.904.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 45 | Каматни плаќања | 170.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 3.125.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 800.000 |
| 48 | Капитални расходи | 114.304.000 |
| 49 | Отплата на главница | 1.855.000 |
| | Вкупно: | 336.995.000 |

Во делот на расходите на стоки и услуги отпаѓаат 15%, каде што покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и дел од тековното одржување на основното и средното образование, библиотекарството и детската заштита.

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од **114.304.000 ден.**, додека во основниот буџет се планирани во износ од **60.112.000** ден., и во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти за улици и патишта, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината, планирани се и средства за изградба на капела, како и планирани средства за новиот пазар.Тековно-оперативните и капиталните расходи се дадени во посебниот дел од Буџетот на оштината распределени по соодветни програми и потпрограми. Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека тој е проектиран на износ од 110.881.000 денари. Планирани извори на приходи во основниот буџет на општина Делчево за 2020 година, се:

| | |
|---|---|
| Даночни приходи | 35.903.000 |
| Неданочни приходи | 5.335.000 |
| Капитални приходи | 4.355.000 |
| Трансфери и донации | 65.288.000 |

Капиталните приходи се планирани во вкупен износ од 4.355.000 денари, и тоа:

-од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на државата во износ од 500.000 денари,
- приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 1.500.000 денари,
- надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 350.000 денари,
- надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 2.000.000

денари.Капиталните расходи во основниот буџет се планирани во износ од 60.112.000 денари, и во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти за улици и патишта, надомест за одземен имот, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината, планирани се и средства за изградба на капела, како и средства за новиот пазар.

Капитални расходи во основниот буџет

•- Подготвување на проекти за улици и патишта-2.200.000
•- Изградба на улици патишта и автопати- 17.688.000
•- Реконструкција на улици и патишта -18.567.000
•- Изградба и реконструкција на
•- пречистителни станици- 6.862.000
-Изградба на други објекти - 9.820.000
•- надзор над изградбата-200.000
•- купување на канцел. опрема- 80.000
•-купување опрема за греење и клим.- 50.000
•- купување на друга опрема-395.000
•-купување на информ. и видео опрема -100.000
•- компјутерски софтвер-150.000
•-надомест за одземен имот-4.000.000

ВКУПНО:60.112.000

Тековно- оперативните и капиталните расходи се дадени во посебниот дел од Буџетот на Општината распределени по соодветни програми и потпрограми.

Пред да отвори отвори расправа по точката, претседателот на Советот му даде збор на Градоначалникот на Општина Делчево, кој рече дека денеска пред Советот на дневен ред е Предлог-буџетот на Општина Делчево за 2020 година.„ Општина Делчево се наоѓа во фаза во која се неопходни инвестиции во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината. Буџетот на Општина Делчево е развоен буџет во кој најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти. Вкупниот буџет на Општина Делчево за 2020 година е планиран на износ од **336.995.000** денари и е планиран согласно законската регулатива. Тој е составен од основен буџет, буџет на дотации, буџет на донации, буџет на самофинансирачки активности и буџет на заеми.

**Основниот буџет** е проектиран на износ од **110.881.000** денари, од кои капиталните расходи се планирани во износ од **60.112.000 денари, или 54%,** додека тековно оперативните расходи се планирани на износ од **50.769.000 ден. или 46%.**

Буџетот на Општина Делчево е проектиран да обезбеди високо ниво на реализација на капиталните инвестиции во делот на патната и комуналната инфраструктура. Планираните капитални расходи во најголем дел се однесуваат за изготвување проекти, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината.

Капиталните расходи се проектирани на ниво од 114.304.000 денари во вкупниот буџет, односно 60.112.000 денари во основниот буџет кој е планиран во износ од 110.881.000 денари и во најголем дел

се однесуваат на изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа и во урбаниот, но и во руралниот дел на општината, во износ од 36,3 милиони денари, потоа на изготвување проекти за улици и патишта во износ од 2,2 мил денари, надомест за одземен имот во износ од 4 мил.денари, односно попознато како експропријација на земјиште, планирани се средства за изградба на капела, како и средства за изградба на новиот зелен пазар кој е наш развоен проект за наредната година.

Во 2020 година планираме да ги изградиме улиците во нас.Басарица во износ од **21.867.127** ден.(дел од тие средства односно околу 17.000.000 ден.ќе бидат трансферирани од АФПЗРР), потоа изградба на канализација во истата населба, во износ **6.861.300 ден**., (и тука имаме склучено Договор со АФПЗРР на износ од 6.187.226).

Планирани се средства за реконструкција на улици во руралните средини, како и средства за експропријација. Исто така, планираме да почнеме со изградба на градскиот пазар, како и да ја изградиме капелата. Овде сакам да истакнам дека тендерот за изградба на капелата е завршен, одбран е најповолен понудувач и е склучен Договор за јавна набавка на работи ,,Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА со ладилник и помошни простории во Делчево,, со економскиот оператор ,,ПАНЕЛ-М Мехаз,, ДООЕЛ од Тетово во парична вредност од 5.849.255,30 денари без ДДВ, односно 6.902.121,20 денари со вклучен ДДВ. За реализација на Договорот средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево. Економскиот оператор треба да го изгради предметот на Договорот во рок од 10 (десет) месеци сметано од потпишување на Договорот за јавна набавка на работи.

Планирани се средства од донација за набавка на камион во ТППЕ, како и дел од грантот добиен преку МСИП- проектот за набавка на возило во ЈПКД за чистење улици.

Оваа година е планирано и домашно задолжување за реконструкција на улиците „В.Јоциќ“, дел од ул. „М.Тито“ (од касарната па до населбата), и ул.7 кај СРЦ.

Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во Општината.

Сето ова погоре наведено укажува дека Буџетот на Општина Делчево има развојна компонента, што се гледа и од учеството на капиталните расходи во вкупните расходи на основниот буџет.

Развојната компонента ни дава очекување за економски раст во општината во 2019 година, бидејќи капиталните проекти очекувано се зголемуваат и по број и по квалитет. Клучни капитални проекти на кој ќе посветиме големо внимание е изградбата на градскиот пазар, капелата и патната инфраструктура, но и максимална посветеност во сите сегменти за отпочнување на изградбата на филтер -станицата за чиста вода за пиење, како најважни сегменти за подобрување и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Делчево. За поквалитетен живот на граѓаните обезбедивме повеќе средства за изградба на канализации и водоводи во општината.

Ова се генерално средствата што планираме да ги инвестираме во реализација на капитални проекти што се од суштинско значење за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, бидејќи овој Буџет е правен од граѓаните и за граѓаните.

Во оваа прилика сакам да истакнам дека за креирање на буџетот одржавме форум на кој присуствуваа претставници од месни и урбани заедници, нво-сектор и други заинтересирани граѓани, чии приоритети ги ставивме како наши приоритети за решавање.

Почитувани советници, на почетокот на мандатот ветивме транспарентност и отчетност, ова е нашата отчетност, каде и како ќе се трошат парите на граѓаните. Продолжуваме со силно темпо, сѐ она што ветивме ќе се трудиме да го исполниме“, истакна Градоначалникот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Јулија Крстевска која праша дали во Буџетот за 2020 година има предвидено средства за работа на Комисијата за еднакви можности бидејќи тие како Комисија доставиле барање до Одделението за буџет и финансиски прашања?

А.Христова рече дека во Буџетот за 2020 се предвидени средства во износ од 100.000 денари во потпрограма X10-родова еднаквост.

Славица Димитрова рече дека во образложението и на образлагачот и на градоначалниот воопшто не слушнала дали се предвидени средства за замена на азбестните цевки на дел од ул. „Вељко Влаховиќ“ и праша дали има такви средства?

Градоначалникот рече дека ќе има средства и за таа намена, но во Буџетот конкретно за дел од ул.„Вељко Влаховиќ“ не се предвидени, но може да се предвидат со ребалансот. Целата улица е за реконструкција, ние како општина сме аплицирале со проект, но додека не се одобри апликацијата и нема договор, не можеме да ги предвидуваме со Буџетот, рече градоначалникот.

Славица Димитрова праша дали ќе се реконструира прифатилиштето коешто било предвидено за реконструкција во изборната програма на градоначалникот за во 2019 година и дали во 2020 година се предвидени средства за изградба на патот Делчево-Црна Скала?

Градоначалникот истакна дека во прифатилиштето нема нормални услови за живот и затоа реконструкција не е правено, разговарано е неколку пати со Министерството за труд и социјална политика и се бара решение за нова локација и изградба на нова зграда со сите услови за нормален и достоинствен живот на луѓето кои го немаат решено станбеното прашање. Што се однесува до патот за Црна Скала, тој е регионален, јас постојано барам средства и ќе барам и во иднина, не се откажувам од проектите што се предвидени во мојата програма и ќе се трудам што поголем дел од нив да ги реализирам. Исто така, во тие 2 години се изградија и проекти кои не беа во мојата изборна програма и тие се во интерес на сите граѓани рече градоначалникот.

Претседателот на Советот рече дека градоначалникот е на половина од својот мандат и реално голем дел од проектите кои биле предвидени со програмата се реализирани.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски и рече дека на дневен ред е Буџетот за 2020 година, а не извештај на градоначалникот.

Билјана Ѓеоргиевска праша што спаѓа на ставката 482 други градежни објекти и дали е правено нешто на мостот на ул. „Индустриска“, дали е безбеден, сигурен и за пешаците и за возилата?

Градоначалникот рече дека тука спаѓаат градската капела, градскиот пазар, улиците во градот и селата, пристапните рампи за пешачкиот мост, улиците „Грозданец“, „В.С.Бато“, „Јане Сандански“, „Голачка“, „Ванчо Прке“, улици во селата Град, Стамер, Вирче, Габрово. Во врска со мостот на ул. „Индустриска“ тој рече дека се ГУП од 1994 таму е предвидено изградба на булевар, улица не може да биде се додека не се донесе нов ГУП, не се проблем средствата, за изградба на некои улици е потребно усогласување на деталите со Генералниот урбанистички план. Таков проблем има и во населбата Ѕвегорска Река. Со донесувањето на новиот ГУП ќе може да се прави проектна документација и да се градат улици. Инаку на мостот се правеа некои поправки и истиот е стабилен.

Сашко Ивановски рече дека има повеќе прашања и тоа: дали е предвидена реконструкција на ПОУ во с. Разловци и на ЦОУ „Ванчо Прке“, дали се предвидува кујна за стари и изнемоштени лица во с. Разловци, дали ќе се направи пат до Светите Води?

Одговор на прашањата даде градоначалникот и рече дека реконструкција на ПОУ во с. Разловци не е предвидено, за ЦОУ „Ванчо Прке“ се предвидува изградба на кров, асфалтен пат до Светите Води не се предвидува, со машината е поминато. За кујна за стари и изнемоштени лица има шанси да се направи,

МТСП планира изградба на мини градинка во Разловци.

Ванчо Велиновски праша дали е предвидено изградба на детско игралиште во с.Вирче и реконструкција на домот во с. Разловци?

Градоначалникот рече дека во Вирче во 2020 година се предвидени 3 улици, а детско игралиште не е предвидено, една од тие 3 улици е приоритет од самите граѓани. Спомен-домот во с.Разловци е во надлежност на Министерството за култура, ние како општина изготвивме проект и аплициравме до МК, но не ни беа доделени средства. Повторно е поднесен проектот и лобираме за да ги обезбедиме, би било добро даа можеме да успееме.

Кристи Стојковски праша дали се предвидува изградба на детско игралиште во населба Втори реон и во Трети реон (кај Чуката) и тротоари на магистралниот пат кон Ѕвегор?

Градоначалникот рече дека за изградбата на игралиштата се предвидени средства од донација, а тротоарите на магистралниот пат кон с.Ѕвегор ќе бидат изградени со наши средства од страна на ЈКП „Брегалница“.

Сашко Јовановски праша до каде е изградбата на Пречистителната станица, кои активности ќе бидат реализирани во 2020 година и со колку средства ќе учествува Општина Делчево?

Градоначалникот рече дека пред извесно време бил одржан состанок на проектната единица и биле дефинирани сите активности кои треба да се реализираат во 2020 година. Потребно е дооформување на градежни парцели за иградба на нова филтер станица и ќе бидат поставени фотоволтаични панели. Во ситемот беа вклучени сите села освен Вирче, но на мое инсистирање е вклучено и село Вирче. Општина Делчево секако ќе учествива со свои средства за набавка на активен јаглен и кварцен песок, рече градоначалникот.

Катица Трајкова Тасева рече дека таа нема да поставува прашања дали нешто е изградено или не и зошто не е, но ќе даде целосна поддршка на овој буџет бидејќи досега тоа е најразвојниот буџет на Општина Делчево, со најголеми учество на капитални приходи и средства од донации и трансфери од други нивоа на власт. Се надевам дека градоначалникот ќе успее да ги реалзира сите капитални проекти предвидени во Програмата, како и она што не е предвидено во Програмата, а е од голем јавен интерес на сите граѓани на општина Делчево.

Билјана Ѓеоргиевска праша за кој се наменети средствата за привремени вработувања на ставката 427 во износ од 2.050.000?

Градоначалникот рече дека тие средства во најголем дел се предвидени за луѓето кои се ангажирани во ЈКП „Брегалница“ во проектот Јавни работи.

Кирил Тренчевски рече дека најголем дел од прашањата на советниците од ВМРО ДПМНЕ не беа од страна на „група граѓани“ бидејќи граѓаните беа на буџетскиот форум и таму поставуваа прашања и даваа предлози. Ова досега е најразвојниот буџет и тоа е факт.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетот на општина Делчево за 2020 година.

Втора точка-Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;

Точката ја образложи А.Христова и рече дека тоа е стандардна одлука која се донесува секоја година, истата има 20 члена во кои се предвидени начините и условите за трошење на средствата предвидени со Буџетот за 2020 година. Доколку има прашања, повелете, истакна А.Христова.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година.

**Трета точка-Буџетски календар за 2020 година;**

И оваа точка ја образложи А.Христова која рече дека со Буџетскиот календар се предвидуваат сите активности кои треба да бидат спроведени во процесот на креирањето и донерсувањето на буџетот на општината со предвидени рокови и носители на активностите.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетскиот калнедар за 2020 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година;**

Во врска со оваа точка Анка Христова рече дека Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.
Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година.

**Петта точка-Предлог-Одлука за продолжување со работа на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека оваа одлука била донесена од страна на Советот пред неполна година, но од Централен регистар  на РСМ кажаа дека одлуката мора да биде не постара од девет месеци, ја предлагаме оваа одлука на денешната седница и бараме истата да биде донесена од ваша страна.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за продолжување со работа на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец;

**Шеста точка-Измени на Годишен план за враборување на Општина Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Џулиета Мемедова-Референт за односи со малцински заедници која рече денешната точка е измени на Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2020 година.Годишниот план за 2020 година беше донесен во месец септември, но бидејќи во меѓувреме се реализирани 11 вработувања, се јавува потреба од негова измена. Промените се однесуваат на страна 2 Табела 1, во планот беа 23 нови вработувања, бидејќи 11 се реализирани сега бројката е 12. На страните 6,7, 8 и 9 се нови работни месдта и на крајот е балансерот, рече Џ.Мемедова.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Славица Димитрова која праша дали досега овој план имал измена и го праша претседателот дали законски може на секоја седница да се менуваат годишните планови?

Џ.Мемедова рече дека овој план досега нема измена, ова е прва измена.

Претседателот на Советот рече дека законот дозволува измени на годишните планови, а Годишниот план за 2020 година досега немал измена, ова е прва измена.

Билјана Ѓеоргиевска праша според кои критериуми се утврдува дали се потребни измени на Годишниот план и зголемување на работните места?

Џ.Мемедова рече дека со овие измени Годишниот план за 2020 е намален во делот на новите вработувања, а не е зголемен, од 23 се намалува на 12.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 4 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Измени на Годишен план за враборување на Општина Делчево за 2020 година.

**Седма точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека од страна на Петар Богдановски до Советот е доставено барање за средства во износ од 10.000,оо денари на Петар Богдановски од Делчево. Средствата се одобруваат за поддршка на неговото учество на Државното првенство во бодибилдинг кое ќе се одржи во Скопје, како и на Балканското првенство кое ќе се одржи во Словачка.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства.

**Осма точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Славица Димитрова**

1.Советот на Општина Делчево во претходниот мандат има донесено Одлука за одобрување на финансиски средства за изградба на ограда на црквата „Св.Архангел Михаил" во с. Драмче. Зошто досега не се исплатени средствата?

Градоначалникот истекна дека со доаѓањето на функцијата градоначалник затекнал состојба по основ на донесени одлуки на Совет да треба да се исплата 5-6 милиони денари и затоа ги стопирал исплатите на сите тие одлуки. Не сум сигурен за оваа, но ќе провериме во нашите служби и ќе бидете информирани, рече тој. Црковниот одбор нека достави ново барање со финансиска конструкција и ќе видиме дали и со колку средства можеме да помогнеме.

**Билјана Ѓеоргиевска**

**1.**До каде е постапката за обезбедување на униформи и за спроведување обуки на Просторните

сили кои беа формирани со одлука на Совет и дали се предвидени средства за таа намена во Буџетот на Општина Делчево?

Градоначалникот рече дека не е баш запознаен со тоа до каде е постапката, но Кире Цоневски го работи тој дел и ќе ви биде даден одговор.

2.Дали Општина Делчево има склучено договор за зимско одржување, со која фирма/оператор и колку изнесува вредноста на договорот за таа намена?

Градоначалникот рече дека тендерската постапка е завршена, избран е економски оператор, ќе добиете одговор, а градските улици ќе ги чисти ЈКП „Брегалница“.

Дијана Јосифовски

1.Дали и кога ќе се реши проблемот со спортската сала во близина на Градскиот стадион?

Во врска со ова прашање Градоначалникот рече дека систуацијата со оваа сала е комплицирна, нејасна е сопственоста и има нерасчистени должниско-доверителски и имотно-правни односи.

Сашко Ивановски

1.Дали во Буџетот за 2020 година се предвидени средства за заштита од комарци?

Градоначалникот истакна дека се предвидени средства за авионско прскање.

Катица Трајкова Тасева

1.Дали и кога ќе бидат набавени лаптоп компјутери за членовите на Советот?

Во Буџетот за 2019 година беа предвидени средства з атаа намена, но се случи дефект на среверот и на електронската архива и моравме средствата да ги намениме за набавка на нов сервер. Секако дека треба да се обезбедат компјутери за членовите на Советот.

Драган Маневски-предлог

1.Да се најде решение за изградба на крак од Булевар Македонија (бр.29) бидејќи има проблеми со атмосферската канализација ( при поголеми врнежи на дожд постојано има излевање на фекалната канализација).

Дејан Георгиевски, предлог

1.Кога ќе се реконструираат улиците „Скопска“ и „Орце Николов“ да се најде решение за канализацијата на улица „Лика Чопова“ (должина 100 м) бидејќи таму има повеќе угостителски објекти и често има запушување на канализацијата, секоја година по 2-3 пати.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 33.седница на Советот на општина Делчево заврши со работа во 16.40 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,